ОСВРТ НА МРЕЖАТА

**Декември, 2024**

# ЖЕНСКА МЕДИУМСКА МРЕЖА

# ЕДНАКВА

**Авторка на текстот**
ТАМАРА ГРНЧАРОСКА

ССНМ

**Проект:**
**Women Journalists and Media Workers' Network**

**Спроведувач:**
**Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници**

# За неформалната мрежа на жените во медиумите „Еднаква“

Новинарките и медиумските работнички во Македонија трпат повеќе онлајн и физички закани и напади од мажите. Ова го потврдува процентот на пријавени напади од страна на новинарките до новинарските здруженија, но и анкетите за безбедноста на новинарите спроведени во изминатиот период, што ја покажува ранливоста на жените вработени во медиумската сфера.

Закани по живот на „Фејсбук“, нападнати новинарки од сопственик на берберница во Скопската чаршија за време на снимање на емисија на јавна површина, експлицитна онлајн закана кон новинарка на „Фејсбук“, вербален напад и погрдни зборови кон новинарка откако побарала одговори на прашање, закани и навреди кон новинарка, неовластено следена и снимана новинарка, а видеото е дистрибуирано до медиумите, се само некои од случаите за закана по безбедноста и интегритетот на новинарките регистрирани од Здружението на новинари на Македонија и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници во изминатите три години.

Дека жените во медиумите се почесто цел на напади, притисоци, сексизам, мобинг, од мажите потврдува и статистиката. Податоци од обемното истражување кое во 2023 година го спроведоа Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и РЕСИС, покажува дека од 343 анкетирани новинари 4,2 проценти од жените, наспроти 1,7 проценти од мажите, многу често доживеале јавна дискредитација. Дека понекогаш биле демнети пријавиле 5,9 од новинарките, наспроти 3,4 проценти од нивните машки

колеги. И мобингот на работното место е почест кај жените во медиумите отколку кај мажите, па така често или многу често мобинг пријавиле дека доживеале 7,6 проценти новинарки и медиумски работнички, наспроти 4,3 проценти од мажите во медиумите. Дваесет и седум проценти од новинарките пријавиле дека трпат силно влијание во нивното работење од нивните надредени уредници, додека 21 процент пријавиле влијание од менаџерите.

Индикатор за тоа како се гледа на жените во медиумската сфера покажува и фактот што речиси и да нема жени на менаџерски позиции во медиумите. Слободно може да се каже дека 99 проценти од менаџерските и директорски позиции во медиумите ги извршуваат мажи. На уредничките и раководните позиции по секторите состојбата со жените е малку подобра, но далеку од задоволителна со оглед на застапеноста на жените во вкупната бројка на вработени во медиумите, 51 процент кај новинарите и 32 проценти кај медиумските работници или во просек, во медиумите работат 44 проценти жени.

За тоа пак каква е положбата на жените во медиумите, јасен индикатор е загриженоста од губење на работата, што ја покажа истражувањето на ССНМ и РЕСИС, односно дури 15,2 проценти од жените се согласни или многу согласни дека постои закана да ја загубат работата, додека само 6,8 проценти од мажите вработни во медиумите се плашат за својата работа.

Дека сето ова создава сериозни последици за жените вработени во медиумите укажува податокот дека како последица на нивната работа, силна и многу силна загриженост од нарушување на своето физичко здравје искажале 35,5 проценти од жените во медиумите, а за своето емотивно и ментално здравје загрижени се дури 42,8 проценти од нив.

Истовремено институциите не се покажаа како вистински заштитници на интегритетот и дигнитетот на жените во медиумите, работната средина не ја спречи дискриминацијата кон нив, што водеше кон нивна сѐ поголема несигурност и страв за себе, што од друга страна ги охрабруваше сите оние, во онлајн просторот или во живо, кои им се закануваа, напаѓаа, навредуваа, потценуваа и омаловажуваа, дека тоа можат слободно и неказнето да го прават.

Ваквата состојба природно ја наметна потребата, кај жените вработени во медиумите, од самоорганизирање за своја заштита, поддршка, намалување на јазот меѓу нив и мажите на работното место и во работниот процес, но и во

односот на јавноста кон нив. Потребата од тоа некој гласно да проговори за нивните проблеми и стравувања, ја препознаа во себе, но и силата дека само тие можат да се изборат за своите права и подобрување на положбата и позицијата, и во медиумите и во општеството.

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) ја препозна потребата за организирање на новинарките и медиумските работнички во неформална мрежа за јакнење на положбата на жените во медиумите и нивна заштита од дискриминација, навреди, закани. Од тоа произлезе група ентузијастки и активистки од медиумите, кои со помош на ССНМ, се организираа и обединија под името „Еднаква". Тие се здружија токму околу премисата за подобрување на условите во кои работат и делуваат новинарките и медиумските работнички, но и да им дадат глас на проблемите со кои се соочуваат.

Солидарноста како нивна водилка во таа борбата треба да покажа дека неправдата, нападот, дискриминацијата врз една жена од медиумите е неправда, напад и дискриминација врз сите нив. Да покажат дека само заедно и обединети можат да ги променат работите. Да ѝ ги покажат на јавноста сите аномалии на системот кој ги става жените во медиумите во понеповолна положба од мажите, да се борат против насилници кои ги напаѓаат новинарките само затоа што се жени, да покажат дека жените во медиумите работат за јавното добро исто како и мажите, и оти на ист начин треба да бидат почитувани и вреднувани на секое ниво.

Првиот консултативен и неформален состанок на групата се одржа во Скопје на почетокот од август на кој учествуваа осум новинарки и медиумски работнички од шест медиуми. Главната тема на состанокот беше потребата од формирање на женска мрежа која ќе се грижи и реагира за сѐ она што им се случува на жените во медиумите. Се дадоа и првите идеи како може тоа да се направи, пред сѐ преку социјалните мрежи, кои истовремено би биле искористени и за подигање на свеста кај јавноста за нивните проблеми. Еден од предлозите беше прво да се настапи со герила акција, поточно со банери на социјалните мрежи за тоа што значи да се биде новинарка, проблемите со кои тие се соочуваат, нерамноправноста на работните места споредено со машките колеги, особено кај медиумските работнички, дискриминацијата која се води кон жените во медиумите во поглед на планирањето на семејство, но и напредување во работата. Клучната порака беше дека жените во медиумите мора самите да се спротивстават на тоа дека навредите, потценувањето, предрасудите и дискриминацијата која им се прави само

поради што се жени е нешто нормално.

Првата средба ги дефинираше контурите во која насока да се движи целата мрежа со предлози за привлекување на храбри, амбициозни и слободоумни медиумски работнички кои ќе можат да ги пренесат своите искуства, но и да делуваат во средината во која работат. Се наметна и потребата, но и дилемата како да се следат, сумираат и процесуираат сите форми на навреди и сексизам, при што беше предложено да биде изработен водич за тоа.

Стана јасно дека за да се дејствува ќе мора да се изготви статут на мрежата за да ѝ се даде некаков облик и правила на дејствување, но клучната дилема беше дали таа да биде неформална или формална. Се разгледуваа сите „за" и „против" и заклучокот беше дека сѐ треба да тргне како неформална мрежа под покровителство на ССНМ, а потоа да се надградува, разработува и еден ден ако има потреба и приказната да прерасне и во одделна организација која ќе ги застапува жените во медиумите, но и генерално жените во општеството, бидејќи медиумите се само огледало, рефлексија, на тоа во каква положба се и како се третирани жените во општеството. Предлозите беа мрежата да има некаква форма на Совет кој би решавал за што и како би се реагирало, за да се забрза делувањето и реагирањето на мрежата. Еден од предлозите беше и да се формира комисија за жалби, пријави, поплаки која би ги разгледувала пријавените проблеми на колешките од медиумите. Уште на првата средба беше усвоено - веб-страницата на ССНМ да биде искористена за споделување на информациите за мрежата, но и место каде ќе можат да се пријавуваат проблемите на колешките.

Сепак, заклучокот беше дека она од каде треба да се почне е јакнење на свеста кај самите жени во медиумите дека тоа што им се случува не е нормално, дека сексизмот не е нормална појава, дека мажите не ги прашуваат дали мислат да имаат семејство, дека не им забележуваат како се облечени, додека за жените се прашуваат дали мислат да раѓаат и секогаш се коментира дали сукњата им е подолга или пократка од некакви непишани дрес-код норми.

Една недела по првата средба се одржа и втора средба со нови претставнички од медиумите, исто така осум жени од шест медиуми, меѓу кои за разлика од првата средба имаше и такви кои размислуваа и поинаку, односно дека ваква женска мрежа не е потребна. Сепак, тој став не го поддржаа другите седум учеснички кои споделија речиси идентични размислувања за начинот на формирање и функционирање на мрежата,

давајќи и свои идеи за соработка со други женски организации, регионално поврзување со сродни движења, како и формирање на регистар на напади врз жените во медиумите.

И од втората средба се искристализира идејата дека е потребна едукативна кампања за правата на жените, но за родово сензитивното известување во медиумите.

Средбата ја отвори дилемата дали дејствувањето на мрежата ќе биде препознаено како феминистичко движење или не, за што беа дадени различни мислења во насока дали тоа ќе биде позитивно или негативно протолкувано во контекст на мрежата. Сепак констатацијата беше дека токму ставот на општеството кон жената е тој кој создава предрасуди кон феминизмот и ги наметнува прашањата дали е тој добар или не, а не самиот феминизам.

Идејата мрежата да ги обедини сите жени во медиумите, не само тие со седиште во Скопје, беше иницијална каписла да се организира средба со новинарки и медиумски работнички и од други градови во Македонија, за што како место на средба беше избран Штип, но каде дојдоа 12 жени од медиуми од Штип, Велес, Струмица.

И на третата средба идејата за женска мрежа која веќе го носеше работниот наслов „Новинарките за жените" беше недвосмислено поддржана, но и надополнета со нови идеи за тоа во кој правец може мрежата да се движи и развива. Можеби клучната придобивка од третата средба беа личните приказни на жените од помалите градови, новинарки, медиумски работнички, маркетинг агенти во медиумите, за тоа како трпеле напади, навреди, сексизам, дискриминација и колку биле незаштитени од надредените, а некогаш дури и од нив доведувани во непријатни ситуации само поради тоа што се жени.

За нив приказната за мрежата се покажа дека има посебна тежина бидејќи ја посочија како можеби единствена надеж јавно да се проговори за тоа што тие го трпат и да се направи притисок тоа да се смени. Сепак, предупредија од можноста некои групи да ја злоупотребат мрежата за политички цели, поради што побараа при нејзиното формирање да се внимава да не се дозволи нејзина политичка афилијација и застапување од одредени кругови што може да ја поврзат со политиката.

Според нив на прво место во мрежата треба да биде солидарноста на жените во медиумите, а понатаму да се бара и солидарност и од машките

колеги за промена на состојбите. Беше потенцирано дека не смее да се дозволи новинарки да напаѓаат новинарки, само поради тоа што се дел од медиуми кои се смета дека застапуваат поинакви политички ставови од нивните, за што беа посочени и неколку примери. Тоа беше оценето од сите како неприфатливо.

Сепак, иако групната борба е важна, од третата средба се наметна ставот дека не смее да се занемари и индивидуалната лична борба која треба да ја води секоја жена, секој ден за да се променат работите.

Иницијативата по трите средби веќе ги добиваше јасните контури на мрежата, нејзиното функционирање, за што во Скопје се одржаа уште две средби со повеќе новинарки и медиумски работнички, дел од нив учеснички на претходните состаноци, дел нови. Целта беше да се сублимираат идеите од претходните средби и од тоа да се искристализираат точните параметри на мрежата - нејзината форма, дејствување, внатрешна организација, претставување, членување.

Заеднички заклучок беше дека ССНМ треба да го преземе стартното организирање на мрежата заради поедноставување на процесот и олеснување на оние новинарки и медиумски работнички кои ќе влезат во потесниот круг на организирање и дејствување на мрежата. За конечната форма на мрежата, сепак, беше побарано да се разгледаат и сличните иницијативи во регионот, но и некои од европските и американските искуства.

На средбите се бараше одговор на прашањето на кого ќе се обраќа мрежата - на медиумите или на јавноста, на што беше заклучено дека тоа ќе биде комбинирано, зависно од проблемот во даден момент на кој мрежата ќе работи. Притоа беше дадена идеја да се издвојат и да се направи пресек на најчестите проблеми со кои се соочуваат медиумските работнички, да им се даде видливост, но доколку е неопходно да се заштитат идентитетите на колешките и да им се обезбеди дискреција, за тие да не бидат повторно виктимизирани и нападните за тоа што им се случило. Беше констатирано дека често жените во новинарството се жртви на шовинизам од најнепосредните колеги, а оти неретко нападите и дискриминацијата кон жените доаѓа од жени.

Средбите искристализираа идеја за воведување на систем на алармирање за напади од сите форми, како и изработка на кодекс на однесување во редакциите, по примерот на таков кодекс донесен во весникот „Слободен

печат".

Сите овие идеи и дилеми беа водилка за тоа што да содржи документот кој требаше да ја дефинира мисијата, визијата и целите на мрежата, чија прелиминарна верзија беше разгледана и доработена на дводневната работилница организирана на почетокот од ноември, на која учествуваа повеќе од 20 новинарки од различни медиуми, како од Скопје така и од другите градови.

Голема помош во утврдувањето на конечниот текст на документот за што се залага и што сака да постигне мрежата помогнаа искуствата на сличните мрежи и организации од регионот. Новинарките од Македонија можеа лично да ги слушнат искуствата на новинарките од Србија и од Косово за формирањето на нивните мрежи, почетоци, проблеми, предизвици.

Со нив беше споделено искуството на мрежата „Новинарки против насилство" од Србија кој започнала со средба на пет новинарки кои еден ден се согласиле дека е доста и решиле самите да се спротивстават на неправдите, нападите и омаловажувањата со кои се соочуваат новинарките во нивната земја, но и да го подобрат известувањето за родово сензитивните теми. Искуството за формирањето на мрежата беше пренесено лично од една од петте новинарки кои ја формирала мрежата, Маша Милеусниќ.

Денес мрежата „Новинарки против насилство" брои 70 членки и тие се горди дека во неа членуваат новинарките и уреднички од најголемите медиуми во Србија, вклучително и таблоидите. Вознемирувањето и злоставувањето на новинарките, според „Новинарки против насилство", е одраз на поширок општествен проблем, а тоа е сексизмот. Нападите, според нив, најчесто не се насочени кон темите на кои работат новинарките, туку на нив како кон жени, на нивните семејства и приватниот живот.

Мрежата во Србија освен за заштита на жените во медиумите и нивното достоинство и работа, се залага во новинарските известувања за насилство кон жените да се зборува како за општествен проблем, со посочување на причините за тоа, но и барање на одговорност. Според нив, несоодветното и известување полно со стереотипи се создава нормализација на насилството во јавното мислење. „Новинарките против насилството" имаат за цел да создадат мрежа во цела Србија која со свое медиумско делување ќе придонесе во борбата против насилство врз жените.

Пред колегите од Македонија своето искуство го споделија и новинарките од

Косово кои само пред неколку месеци, во август, ја формираа својата неформална мрежа, исто така потпомогнати од Британскиот совет, но и од искуствата на српската мрежа. Целта на мрежата е да ја идентификува и процени моменталната состојба во поглед на потребите и можностите за новинарките во Косово.

Мисијата на косовската мрежа на новинарки е креирање на инклузивна средина за жените кои работат во медиумите, превенција на користење на сексистички и мизоген речник во јавниот простор, како и креирање на безбеден простор за адресирање на проблемите со кои се соочуваат жените во медиумите, на терен или на работното место.

Целта на косовската неформална мрежа на новинарки е да придонесе и исполнување на националните цели за родова еднаквост и превенција од насилство.

За новинарките во Македонија важно е искуството и на вмрежувањето на новинарките во Босна и Херцеговина кои уште од 2019 година се трудат да ги заштитат своите права. Тие мрежата ја создале во рамки на Здружението на новинари на Босна и Херцеговина. Мрежата во Босна и Херцеговина е воспоставена како простор во кој жените од медиумите ќе можат да зборуваат за своите проблеми, но и да ја јакнат солидарноста меѓу жените кои ги делат професионалните вредности. Според основачките на мрежата во Босна и Херцеговина, новинарките често пишуваат за кршење на различни права, но ретко се зборува за нивните права и значењето на нивната заштита, на што не се обрнува доволно внимание.

Истражувањата покажале дека, во време на формирање на мрежата, секоја петта новинарка во Босна и Херцеговина доживеала некаква форма на дискриминација само поради тоа што е жена.

Една од целите на мрежата на новинарки на Босна и Херцеговина неопходна е постојана едукацијата, особено на младите новинарки, заедно со размена на искуства и јакнење на солидарноста. За основачките на мрежата на новинарки во Босна и Херцеговина, таа е прв чекор кон подобрување на положбата на статусот на новинарките во земјата.

Сите овие искуства ѝ помогнаа на неформалната мрежа на новинарки и медиумски работнички во Северна Македонија - „Еднаква" која беше и официјално формирана и промовирана на 10 декември 2024 година, заедно со нејзините мисија и визија.

# Женска медиумска мрежа – Еднаква

**МИСИЈА**
Создаваме инклузивна и поддржувачка средина за жените во медиумите, преку активно заговарање на правата и потребите, како и подигнување на свеста за родовобазираната дискриминација и насилство. Работиме на уривање на табуата и предрасудите во медиумите и општеството. Ја зајакнуваме улогата на жените во медиумската индустрија преку здружување, соработка, застапување и едукација.

**ВИЗИЈА**
Стремиме кон рамноправна, правична и инклузивна медиумска средина, каде жените се еднакво застапени, зајакнати и позиционирани на лидерски улоги, обликувајќи го јавниот и медиумскиот дискурс и влијаејќи на општествените промени. Делуваме за свет каде што гласовите, перспективите и придонесите на жените со сите нивни различности се вреднуваат и почитуваат во секој сегмент на функционирањето на медиумите, поттикнувајќи побалансирано и порамноправно општество.

**КОИ СМЕ НИЕ**
Женската медиумска мрежа - Еднаква е неформална мрежа која ја обединува женската сила во медиумите и дава одговор на секоја форма на насилство. Се бориме против закани, напади, навреди, потценување, сексизам, дигитално насилство и дискриминација кон жените во медиумите само поради тоа што се жени. Еднаква е отворена платформа за секоја новинарка, медиумска работничка и другите жени вработени во медиумите. Мрежата се залага за унапредување на родовата рамноправност во медиумите преку застапување на еднаков пристап во поделба на раководните позиции, правично вреднување на нивната работа и безбедна работна средина која нуди солидарност, почит, поддршка и разбирање.

**Вредности кои ги споделуваме**
- Еднаквост
- Праведност
- Обединетост
- Солидарност
- Достоинство

ССНМ

www.ssnm.org.mk